АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА
НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 0703-1294/1
08.06 20 12 год.
СКОПЈЕ

**До:**
**Осигурително брокерските друштва**

**Известување –циркуларен допис СРЛ-3/2012**

Почитувани,

Агенцијата за супервизија на осигурување во текот на 2011 година донесе Правилник за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурување, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2011година) и Правилник за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.41/2011година).

Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно член 8 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурување, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување **го воспостави и Регистерот на осигурителни брокери.** Регистерот е јавно објавен на веб страната на Агенцијата и истиот редовно ќе се ажурира со цел добивање на точни и навремени информации за сите лица кои имаат лиценца за осигурителен брокер.

Во насока на соодветна имплементација на сите горенаведени законски и подзаконски одредби од страна на осигурително брокерските друштва, **се задолжуваат осигурително брокерските друштва**:

1. **да воспостават и јавно (на своја веб страна) да објават Регистер на лиценцирани осигурителни брокери кои се вработени со редовен работен однос во осигурително брокерското друштво, најдоцна до 30.06.2012 година.** Регистерот по содржина да одговара на содржината пропишана со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.41/2011година) и истиот редовно да го ажурираат согласно податоците со кои располагаат. За воспоставениот и објавен регистер, осигурително брокерските друштва

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

се должни да ја известат Агенцијата веднаш по неговото објавување, со задолжително наведување на веб страната на која истиот е јавно објавен.

2. до Агенцијата за супервизија на осигурување да ги достават сите **договори за вработување склучени помеѓу лиценцираните осигурителни брокери и осигурително брокерското друштво** (оригинал или копија заверена кај овластено лице, нотар) и копија од М1/М2 образец за лицето, најдоцна до 30.06.2012 година.

Ви благодариме за соработката,

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ,**
**д-р Климе Попоски**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ